# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

*Број 9* *Јули* *2010 година*

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, 13 јули 2010 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на

Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година бр.07-2150/5 од 25.12.2009 година**

Се објавува Програмата за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година бр.07-2150/5 од 25.12.2009 годинана со арх.бр.07-1363/3 од 12.07.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 22 ( дваесет и втората ) седница одржана на ден 12.07.2010 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1416/1**
**Од 13.07.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 став 1 точка 6 и 7 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.2/2005), член 17 став 1, став 3 и став 7 и член 50а став 5 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07 и 91/2009), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 12.07.2010 година донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-2150/5 од 25.12.2009 година, донесена од Советот на Општина Илинден на седница одржана на ден 25.12.2009 година и објавена во Службен Гласник на Општина Илинден бр.16 од 26 декември 2009 година.

2. Во Програмата за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-327/3 од 16.02.2010 година, во точката 2 редните броеви во табелата 1, 2, 3, 4 се менуваат со нови редни броеви 4, 5, 6 и 7.

3. Во Програмата за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-1033/3 од 14.05.2010 година, во точката 3 број “4“ се заменува со број “7“, број “5“ се заменува со број “8“.

Во Програмата за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на

Општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-1033/3 од 14.05.2010 година, во точката 3, редниот број во табелата “5“, се менува со реден број “8“.

4. Во Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година, во точка 3б по редниот број 8 се додаваат нови редни броеви 9 и 10 кои гласат :

| **Ред. бр.** | **Локална урбанистичка планска документација** | **н.м.** | **Катастарска/ Градежна парцела (приближна површина во м2)** | **Намена** | **Начин на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | КП бр. 1836/1, КП бр. 1836/2 и КП бр. 1837 од Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино | Илинден | КП бр. 1836/1, КП бр. 1836/2 и КП бр. 1837 (9.883 м2) | Е2-комунална супраструктура Терминал, бензиска пумпна станица Д2-заштитно зеленило | Правни/ Физички лица |
| 10. | Вон населено место Ајватовци | Ајватовци и м.в. Криви Дол | Дел од КП бр. 289/1 (20.000 м2) | Е1-комунална инфраструктура (соларна електрана со снага од 1MW) | Правни/ Физички лица |

5. Сите останатите одредби од Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година останиваат непроменети и истите се во примена.

6. Преодни и завршни одредби

Програмата за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Број 07-1363/3** **Совет на Општина Илинден**
**Од 12.07.2010 година** **Претседател**
**Илинден** **Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за делумно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

Се објавува Одлуката за делумно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште со арх.бр.07-1363/4 од 12.07.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 22 ( дваесет и втората ) седница одржана на ден 12.07.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1416/1**
**Од 13.07.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02) и член 48 од Законот за градежното земјиште (Сл. весник на Р.М бр.82/2008, бр.143/2008 и бр.56/10), Советот на Општина Илинден на седница одржана на ден 12.07.2010 година, ја донесе следната

## **О Д Л У К А**
**за делумно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**

**Член 1**

Со оваа Одлука делумно се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште Инвеститорот Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје, за изградба на следните објекти: терминална зграда, карго зграда и противпожарна зграда.

Објектите од став 1 на овој член се лоцирани во постојниот комплекс на Аеродромот „Александар Велики - Скопје“.

**Член 2**

Инвеститорот Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје, се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 20 % од вкупната вредност на утврдениот надоместок за уредување на градежно земјиште, со Пресметка бр.10-894/4 од 30.06.2010 година, и се задолжува да плати надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 9.228.000,00 денари.

**Член 3**

Инвеститорот Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје, се обврзува во висина на износот за кој е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, на сопствен трошок да го уреди градежното земјиште со објекти на комунална и друга инфраструктура.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Илинден да склучи Договор за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште согласно оваа Одлука и да ја спроведе истата.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Илинден“.

**Број.07-1363/4**
**Од12.07.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за објавување на Програмата за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година бр.07-2150/5 од 25.12.2009 годинана со арх.бр.07-1363/3 од 12.07.2010 година......................................................................стр.1
Програмата за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година бр.07-2150/5 од 25.12.2009 годинана со арх.бр.07-1363/3 од 12.07.2010 година.......................................................................................................стр.1-3

Решение за објавување на Одлуката за делумно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште со арх.бр.07-1363/4 од 12.07.2010 година............стр.3
Одлуката за делумно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште со арх.бр.07-1363/4 од 12.07.2010 година....................................................стр.3-4

Содржина.....................................................................................................................стр.5